


***На 15. октомври 2022 година во Општината Новаци се одржаа „22. Пелагониските културно-научни средби“, на кои бе ше доделена наградата “Повелба за животно дело“ на Славе Катин и наградата “Златен клас за македонски вознес“ на Виктор Бивел од Сиднеј, Австралија***

Годинава *„Пелагониските културно-научни средби“* се одржа по 22 пат *Овие значајни манифестации* се формирани во 2000 година во Општина Новаци. Носители на активноста се познати писатели и научни творци кои со својот личен труд дале и даваат особен придонес за опстој на манифестацијата. Овие средби се од големо значење за Општината Новаци, за Битолскиот крај и во целост за зачувување на културно-научното наследство во Македонија. Се одржуваат секоја година, вообичаено во првата половина на месец октомври.Ова година беа под покровителство на градоначалникот на Општина Новаци г-д Стевче Стефановски.

Иницијативата за формирање на манифестацијата *„Пелагонски културно-научни средби“* при Општина Новаци, Битолско, потекна од група ентузијасти: писатели, научни работници и културни творци, кои имаат желба да придонесат во афирмацијата на литературните, културните, образовните, историските, фолклорните, археолошките, етнолошките и сите други можни вредности.

Манифестацијата *„Пелагониските културно-научни средби*“ успешно ја продолжува својата работа благодарение на големиот ентузијазам на голем број творци и поддржувачи што се добива од Општина Новаци. Во овие 22 година опстојување на *„Пелагониските културно-научни средби“,*
меѓу другите, треба да се нагласи безпрекорнара посветеност на претседателите: д-р Цане Здравковски, Благоја Таневски, Ѓорѓи Лазаревски и актуелниот претседател д-р Весна Калпаковска.

Иницијативата за *„Пелагониските културно-научни средби“* е озваничена на 20 септември 2000 година во Матичната и универзитетска библиотека
*„Свети Климент Охридски“*
во Битола, кога официјално се конституира нејзиниот иницијативен одбор и кога е избрано раководното тело на Средбите, Извршниот одбор. Извршниот одбор ја организира Првата пелагонска културно-научна средба, која се одржа на 5 и 6 мај 2001 година во мнастирот „Свети Ѓорѓија“ над живописното село Паралово,

Општина Новаци ја продолжува традицијата долга 22 година како домаќин на *„Пелагонисктите културно-научни средби“.*
Како резултат на оваа научна манифестација низ годините произлегоа многу трудови и научни зборници. Градоначалникот на Општина Новаци, Стевче Стевановски како домаќин свечено го отвори овај настан и на присутните им порача дека општината секогаш ги поддржувала и ќе продолжи да ги поддржува Средбите и во иднина.

Во своето излагање, пак, Претседателот на Средбите д-р Весна Калпаковска, меѓу другпто, истакна дека овие средби имаат традиција во Општина Новаци веќе 22 година и оваа традиција ќе се продолжи и понатаму. Особено Средбите се значајни од 3 аспекти и тоа: истражувањата во областа на културата, историјата и книжевното творештво, и презентација на научни трудови.

Потоа, претседателот д-р Весна Калпаковска изврши промоција на Зборникот бр. 17 од 2021 година во кој се застамепи сите научни трудови од предходната година.Една од вестите за *„Пелагониските културно-научни средби“* е тоа што од оваа година проработија веб страницата и Феијсбук страницта на средбите, и дека неколку книги од неколку автори се поставени на порталот за слободни книги. Исто така, порталот „Политекон“ од Сиднеј, Австралија најави соработла и со други портали, така да се трасира добар пат за средбите во иднина.

Посебно место за одбележувана е што *„Пелагониските културно-научни средби“ беа збогатени со видео презенација* на “Стале Попов – чуварот на македонскиот збор”. Тоа преддизвика голем интерес кај сите учесници, присутни и други вљубеници во македонското раскажување, а во исто време и незадоволство што државата малку се грижи за ќуќата во која е роден големи  *македонски раскажувач и чувар на македонскиот јазик.*

Посебно внимание беше посветена на доделувањњто на нараддите на публицистот, новинарот и афирматорот на македонското иселеништво Славе Катин и публицистот од Сиденеј, Виктор Бивел. Имено, Овогодишен добитник на престижната награда на *„Пелагониските културно-научни средби“ “*
***Повелба за животно дело***
–
**2022**
“ е г-н Славе Николовски Катин (Славе Катин), а наградата „
***Златен клас за македонски вознес - 2022“***
му беше доделена на познатиот австралиски Македонец од Сиднеј, Австралија г-н Виктор Бивел.

За делата и постигнувањат, резултатаи на полето на литературата, културата, науката образовните, историјата, иселеништвото, фолклорот и други областо, зборуваше Претседателот на *„Пелагониските културно-научни средби“* д-р Весна Калпаковска,,

Исто така, Средбите беа збогатени со промоција на Монографија за познатиот битолќанец Силјан Мицевски, чиј промотори бе академик Владо Камбовски, проф. Д-р Вера Стојчевска – Антич и авторт на монографијата Славе Катин. Исто така беше Промоција на збирка раскази „Јана“, од Ѓорѓи Лазаревски, чиј промотор беше проф. д-р Златко Жоглев.

По својата содржина и значење, *„Пелагониските културно-научни средби*“ одамна ги надминале локалните рамки. Овие средби со своите прилози ја збогатуваат и осветлуваат содржината на овој крај како културно-историска ризница. Во содржината на овие средби се вградиле и се вградуваат многу познати имиња од Република Македонија што претставува едно големо богатство за културната историја не само на Општина Новаци, но и на цела Република Македонија.

Градењето на мостови на пријателство и соработка е макотрпна, но благородна работа. Мостовите секогаш го поврзувале она што е разделено. Затоа, сите сложно, без разлика на верска, национална или каква и да било друга припадност, на *„Пелагонските културно-научни средби“*
си подаваат раце едни на други и градат бескрајни пруги, за да се премостат сите реки и морињa, да се направат мостови, за да врват по нив сите добри луѓе.

**д-р Весна Калпаковска**